УЖ.бр.991/2012

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Лидија Каначковиќ-претседател на советот, Анита Данилова и М-р. Џемали Саити - членови на советот, со записничар Верица Гавровска - Петровска, судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Авто мото друштво Пробиштип од Пробиштип, поднесена преку полномошник адвокат Соња Михајловска од Пробиштип, против Решението на Управниот суд У-5.бр.955/2010 од 24.04.2012 година, на седницата одржана на ден 04.10.2012 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот Авто мото друштво Пробиштип од Пробиштип, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Решението на Управниот суд У-5.бр.955/2010 од 24.04.2012 година, СЕ ПОТВРДУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Решение У-5.бр.955/2010 од 24.04.2012 година, ја отфлил како ненавремена жалбата на тужителот Авто мото друштво Пробиштип од Пробиштип, изјавена против Решението Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.08-195/25 од 19.07.2010 година.

Против Решението на Управниот суд, жалба до Вишиот управен суд изјави тужителот поради повреда на материјалното право, наведувајќи дека жалбата е основана, а побиваното решение е незаконско.

Во одговор на жалба тужениот наведе дека Решението на Управниот суд е правилно и законито, па предлага жалбата на тужителот да се одбие како неоснована, а одлуката на Управниот суд да се потврди.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предмтот, наводите во жалбата, испитувајќи го побиваното решение во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата е неоснована.

Со Управниот суд со Решение на У-5.бр.955/2010 од 24.04.2012 година, тужбата на тужителот Авто мото друштво Пробиштип од Пробиштип, против Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.08-195/25 од 19.07.2010 година, ја отфрлил како ненавремена. Притоа судот нашол дека

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
СКОПЈЕ
Примено: 29.10.2012
08 224/15

оспореното решение тужителот го примил на 22.07.2010 година, видно од увидот во доставницата за прием на препорачана поштенска пратка на која тужителот го потврдил приемот со свој потпис, како и од извештајот за исплата-книжење, а истиот поднел тужба до Управниот суд со препорана пратка R 063387440МК од 25.08.2010 година. Со оглед на фактот што последниот ден на рокот паднал во сабота кога судовите не работат, согласно одредбата од член 104 став 4 од Законот за парничната постапка, рокот истекол на 23.08.2010 година. Како тужителот тужбата ја поднел на 25.08.2010 година, правилно нашол Управниот суд дека истата е ненавремена.

Врз основа на утврденото Управниот суд согласно член 20 став 1 од Законот за управните спорови, тужбата ја отфрлил како ненавремена.

Вишиот суд најде жалбата е неоснована.

Во конкретниов предмет од увидот во списите на предметот неспорно се утврди дека оспореното решение со тужбата, тужителот го примил на 22.07.2010 година, а тужбата до Управниот суд ја поднел на 25.08.2010 година, што значи по истекот на законскиот рок од 30 дена.

Поради ова правилно одлучил Управниот суд кога тужбата на тужителот ја отфрлил како ненавремена.

Врз основа на напред изнесеното, следуваше овој суд согласно член 370 точка 2 од Законот за парнична постапка, а во врска со член 7-а од Законот за управните спорови одлучи како во диспозитивор на решението.

Решено во Виш управен суд на ден 04.10.2012 година под УЖ.бр.991/2012.

Записничар-судски соработник
Верица Гавровска-Петровска с.р.

Претседател на совет-Судија
Лидија Каначковиќ с.р.

/ЛС

Република Македонија Виш управен суд Скопје

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА